**На с**
**Република Северна Македонија**
**Republika e Maqedonisë së Veriut**

**СУДСКИ СОВЕТ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**KËSHILLI GJYQËSOR I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT**

**Ул. “Македонија“ бр. 5, 1000 Скопје | тел. 02/3 218 130 факс. 02/3 218 131 | contact@ssrm.mk**
**Rr. ”Makedonija” nr. 5, 1000 Shkup | tel. 02/3 218 130 faksi. 02/3 218 131 | contact@ssrm.mk**

Бр. ____________

_______________

СКОПЈЕ

# ЗАПИСНИК
## од 457-та седница на Судскиот совет на Република Северна Македонија

Скопје, Октомври 2023 година

Седницата се одржа на ден 09.10.2023 година, Понеделник во 11:00 часот во салата за седници.

Присутни членови:

- **Сашко Георгиев**, Претседател;
- **Ханиф Зендели**, Заменик претседател;
- **Мери Радевска**, Член
- **м-р.Антоанета Димовска**, Член
- **Лорета Горгиева**, Член (онлајн, преку Вибер апликација);
- **Мирсад Суроји**, Член;
- **м-р.Ивица Николовски**, Член;
- **Весна Дамева**, Член;
- **м-р.Селим Адеми**, Член;
- **Павлина Црвенковска**, Член;
- **м-р.Тања Чачарова Илиевска**, Член

Оправдано отсутни членови:

- **м-р.Миљазим Мустафа**, Член на Советот-оправдано отсутен
- **Беса Адеми**, Претседател на Врховен суд *(уредно поканета-отсутна поради седница на Граѓански оддел во Врховниот суд на РСМ)*;
- **Кренар Лога**, Министер за правда *(уредно поканет)*.

Присутни од стручната служба:

- **Весна Толева**, ВД Генерален секретар;
- **Владимир Станковиќ**, Државен советник
- **Александра Шоптрајанова**, Технички секретар;

Седницата е отворена за јавноста и се констатира дека има присуство на медиуми и тоа: Институт за човекови права и Коалиција за правично судење.

член 8 став 1 од Законот за Судскиот совет Седницата ја отвори и со неа раководеше Претседателот на Советот **Сашко Георгиев**.

Откако го констатира присуството на членовите на Советот и нивното отсуство, со излагање на причините за членовите кои не се присутни на седницата, го изложи предлог Дневниот ред за 457-та седница:

1. Донесување на Одлука за времено упатување на судии за вршење на судиска функција во друг суд;
2. Разгледување на Одлуки на Управен суд;
3. Редовно оценување на судии и претседатели на судови;
4. Разгледување и усвојување на Извештај на Комисија по објавен оглас за избор на претседатели на судови и
5. Разно.

Претседателот на Советот **Сашко Георгиев** отвори дискусија за наведениот предлог Дневен ред. Откако никој не се јави за збор истиот го стави на гласање.

За збор се јави Заменик претседателот на Советот **Ханиф Зендели** кој наведе дека за точка 2 од Дневниот ред, за разгледување на Одлуки на Управен суд потребно е да се добијат податоци, заради што предлага 2-та точка да биде разгледана на наредна седница, а од точка разно одлуката за разрешување на судии поротници на Основен кривичен суд Скопје и Основен суд Ресен да се префрли во точка 2 од Дневниот ред.

За збор се јави Членот на Советот **м-р.Тања Чачарова Илиевска** која наведе дека се работи за одлуки за престанок на мандат на членови на Судскиот совет на РСМ и како претходно прашање треба да се знае дали решението на Судскиот совет на РСМ за престанок на мандатот на член на Советот е правосилно и конечно. Советот нема податоци дали решението на престанок на вршење на судиска функција за судијата е правосилно и конечно. Оттука предлага да се повлече оваа точка од денешната седница.

Бидејќи никој друг не се јави за збор, предлогот на заменик претседателот **Ханиф Зендели** за измена на Дневниот ред на горенаведениот начин, Претседателот на Советот **Сашко Георгиев** го стави на гласање.

По гласањето констатира дека со 11 гласа „За“ и ниту еден глас „Против“ е усвоен следниот:

**ДНЕВЕН РЕД**

1. Донесување на Одлука за времено упатување на судии за вршење на судиска функција во друг суд;
2. Одлука за престанок на функција на судии поротници на Основен кривичен суд Скопје и Основен суд Ресен;
3. Разгледување на Извештајот за редовно оценување на судии и претседатели на судови;
4. Разгледување на Извештајот на Комисијата по објавен оглас за избор на претседатели на судови;
5. Разно

**Точка 1**

(Донесување на Одлука за времено упатување на судии за вршење на судиската функција во друг суд)

По однос на точката 1 Претседателот на Советот **Сашко Георгиев** наведе дека од страна на Советот согласно член 39 точка 9 и 10 од Законот за судовите беа донесени решенија за времено упатување на судии за вршење на судиска функција во друг суд по претходно извршена анализа за потребата од судии во тие судови. Како критериум беше земен бројот на освоени бодови на кандидатите. По донесените решенија од страна на 6 судии се поднесени приговори и тоа: Ахмед Идризи судија на Основен кривичен суд Скопје; Андреа

Апостолска Малиновска, судија на Основен граѓански суд Скопје; Билјана Иванова, судија на Основен суд Струмица; Кирил Георгиев, судија на Основен кривичен суд Скопје; Пајтим Машкули, судија на Основен граѓански суд Скопје и Фросина Стојаноска, судија на Основен кривичен суд Скопје

По разгледување на приговорите Врховниот суд на РСМ на општа седница донел решенија со кои ги уважил приговорите и ги укинал решенијата на Советот. Судот нашол дека приговорите се основани и дека неправилно бил применет член 39 став 9 од Законот за судовите односно дека за да судија биде времено упатен во друг суд мора да постојат основите и да се исполнат пропишаните услови од одредбата односно зголемен обем на работа, намалена ажурност или поради сложеност на предметите е доведено во прашање тековното работење на судот. При тоа, Врховниот суд на РСМ смета дека основ за времено уаптување не може да биде ранг листа без да се утврдат и исполнат условите од член 39 став 9 и 11 од Законот за судовите дека упатувањето во друг суд е од сериозна природа поврзано со семејни, станбени и финансиски импликации. Напатствијата се во насока да се утврдат и фактите и околностите кои се релевантни при одлучување за времено упатување во друг суд, да се има предвид состојбата на судот каде се упатува и судот од каде се упатува судијата како не би дошло до неажурност на судовите.

Потоа Претседателот на **Советот Сашко Георгиев** даде збор на известителот на комисијата Членот на Советот м-р **Антоанета Димовска**.

**1.** По однос на предлогот **судијата Билјана Иванова** да се делегира во о Основниот суд Берово, Членот на Советот **м-р Антоанета Димовска** наведе дека одлуките на Советот по однос на тоа кои судиите ќе бидат времено упатени во друг суд зависеше од тоа во кои судови е алараматна состојбата и недостасуваат судии. Комисијата утврди дека нема единствен објективен критериум кои би ги опфатил сите судии освен ран-листата. Некои од судиите се семејни луѓе, а се на пат да остварат семејство. При одлучувањето се водеше сметка состојбата на судот каде ќе биде упатен. По однос на судовите во Берово и Делчево најблизок суд е Струмица кој работи со намален број на судии, но е ажурен суд. Колешката Билјана Иванова е избрана за судија на Основниот суд Струмица, во приговорот наведува дека е мајка на 3 малолетни деца, тоа дека нема директна врска помеѓу Струмица и Берово, и треба да патува со возило. Во Берово има делегирано ВД Претседател чиј мандат ќе заврши на 01.07.2024 година, а предмети во работи судот има 670. Комисијата смета дека треба да биде упатен уште еден судија без оглед што е почетник. Во судот има искусен судија кој може да ги работи предметите кои не може да ги работи судијата почетник, а останатите предмети ќе ги работи судијата почетник. Објективен критериум кој ги опфаќа сите се бодовите и бодовната листа. Во Основниот суд Струмица по систематизација се 20 судии, меѓутоа работи со намален број судии. Во судот работат 9 судии плус Претседател. Се работи за ажурен суд и може да се носи со приливот на предмети и работата што му претстои. Најблизок суд до Струмица е Берово.
По однос на овој кандидат Претседателот на Советот **Сашко Георгиев** отвори дискусија.

За збор се јави Членот на Советот **Весна Дамева** која наведе дека Советот во ниту еден момент не погрешил со одлуката за делегирање. Ова затоа што состобата во судовите е анализирана многу пати. Советот не секогаш тие анализи може да ги елаборира темелно, меѓутоа многу доврво ја знаеме потребата во судовите. Наведе дека не сака да коментира судска одлука, но оваа ќе мора бидејќи се работи за одлучување на Советот и е изненадена од образложението на истата во делот каде вика дека треба да се изврши анализа за судот од каде се врши делегирањето. По однос на семејната состојба, финаниската сотојба и сл. наведе дека Собветот се имал во предвид при одлучувањето, но нема начин како да ја санира таа состојба што настана. Беше извршено пензионирање на поголем број судии. Потоа го цитирше 4 пасус од одлуката на Врховниот суд на РСМ за која констатција наведе дека е тенденциозна, бидејќи Советот го почитувал законот. На денот на полагањето на заклетва кандидатите беа прашани каде би сакале да бидат судии, а исто така заради состојбите во судовите Советот одлучил да се распише оглас само за помалите судови. Наведе да не се става пропустот на Судскиот совет дека истиот не се грижи, дека не е повреден законот бидејќи тоа воопшто не е така. Тоа се нотoрни факти.

За збор се јави Членот на Советот **м-р.Селим Адеми** кој наведе дека треба да се постапи по одлуките на Врховниот суд на РСМ и да не се впушта Советот во непотребно анализи, туку да се расправа по предлогот на Членот Антоанета.

За збор се јави Членот на Советот **Мери Радевска** која наведе дека се согласува со членовите Весна Дамева и Селим Адеми и согласно одлуките на Врховниот суд на РСМ одлуките треба да се дообразложат подетално. Општо познато е дека судовите имаат многу предмети и недостасуваат судии. Причините не се во Советот и потребно е подетално образложение на одлуките. Иста ситуација беше и во 2021 година кога се избираа судии од редот на Академија и сега се повторува ситуацијата. Највеќе кандидати за судии се избрани за во скопските судови. Моментално судии од академците може да се делегираат во Струмица и Битола. Не се работи за некаква ранг-листа туку за официјална ранг-листа која е единствено објективен критериум.

Членот на Советот **м-р.Тања Чачарова Илиевска** наведе дека се согласува со наводите на колегите и решенијата кои се укинати од Врховниот суд на РСМ не биле донесени туку така бидејќи истите се донесени врз основа на деталната анализа која ја направи Советот која била усвоена на една од минатите седници, и при тоа била анализирана состојбата во сите судови.

За збор се јави Членот на Советот **м-р.Ивица Николовски** наведе дека од страна на Врховниот суд на РСМ на седницата на која биле донесени решенијата не бил присутен Челнот на Советот по функција кој заедно со другите Членови на Советот има право да предлага иницијативи и да дава предлози. Ако Врховниот суд на РСМ ја следи состојбата со судовите во државата ќе знае каква е ситуацијата каде е понудено решение да се надмине ваквата состојба. Со ваквата одлука не е оштетен Судскиот совет, не се оштетени судиите туку граѓаните бидејќи предметите седат нерешени. При

услови кога Советот изнајде решение за кое смета дека е рационално, бидејќи се земаа сите потреби и проблеми во судовите.

Членот на Советот **м-р.Селим Адеми** се јави процедурално и наведе дека непотребно се напаѓа Претседателот на Врховниот суд на РСМ бидејќи одлуката е донесена на Општа седница на Врховниот суд на РСМ зошто Советот не прави ревизија на работата на судот.

Членот на Советот **м-р.Ивица Николовски** наведе дека Врховниот суд на РСМ одлучувал о предлог на Претседателот на Врховниот суд на РСМ.

За збор се јави Членот на Советот **Лорета Горгиева** која наведе дека кога Советот одлучувал истата не била присутна. Изрази став дека се согласува со одлуките на Врховниот суд на РСМ бидејќи недостасува анализа и недостасува образложение во тој дел. Ранг-листата не е меродавен критериум по кој треба да се делегираат судиите, бидејќи е тоа само ранг-лкиста о делот на приемот на кандидатите. Никаде нема анализа во одлуките на Советот. Потребно е да се направи паралела помеѓу судовите колку предмети доаѓаат на судија. Наведе дека не се согласува со Челнот на Советот Антоанета дека Струмица не е најблизок суд до Берово и до Делчево. Основен кривичен и граѓански суд имаат потреба од кадар и жените колешки не треба да бидат делегирани. Од судот во Струмица доволно беше судијата кој е делегиран во Берово. Не се согласува дека Делчево е најблиску до Струмица. Основниот суд Делчево има потреба од искусен граѓански судија бидејќи засотатокот во судот е преку 600 граѓански предмети, а Советот делегира судија од академците од Струмица што нема никаква релација со Делчево. Наведува дека Советот е селективен и необјективен.

Членот на Советот **м-р Антоанета Димовска** наведе дека судијата кој е делегиран во Делчево е искусен и истиот нема доставено никаков приговор, а од друга страна дека до сега се делегирале само машки судии е дискриминаторски. Се согласува со ставот на Врховниот суд на РСМ дека сите решенија се идентични и дека треба да се надополнат за што се дискутира во таа насока. Во Основниот кривичен суд Скопје по систематизација се предвидени 70, пополнети се 51 место, а еден судија во 2023 година ќе оди во пензија. Во Основиот граѓански суд Скопје по систематизација има предвидено 77 судии, но има 60, а во мирување се 4 судии. Еден судија е делегиран. Во овие судови состојбата не е добра, меѓутоа овие судови функционираат. Овде се зборува за судпови во кои не може да се формира Кривичен совет, петорка, судови кои не можат да функционираат. Сите судови имаат проблем, но некои имаат голем проблем.

За збор се јави Членот на Советот **Лорета Горгиева** која наведе дека не прави разлика во интелектуални капацитети меѓу луѓето бидејќи од приговорите е видно дека се работи за фамилијарни луѓе со обврски, и обврските не се исти помеѓу тие на жените и мажите бидејќи е поголем товарот на жената во делот на оврските со смејството. Релацијата Скопје – Прилеп не е релација за патување секој ден.

Членот на Советот **Весна Дамева** наведе дека нема припуст во образложението и нема селеткивно постапување на Советот, бидејќи Советот како идникатори ја зема ранг-листата. Тоа е дискерицоно право на Советот.

Во овој момент Претседателот на Советот **Сашко Георгиев** ја напушти седницата поради неодложни службени обврски.

Со седницата продолжи да раководи Замник претседателот на Советот **Ханиф Зендели**.

За збор се јави Членот на Советот **м-р Антоанета Димовска** која наведе дека финансиските импликации не семат до го доведат во прашање функционирањето на судот и иститe се минимални бидејќи судот во Берово е најблиску до судот во Струмица. На судијата му следуваат патни трошоци.

Предлогот **судијата Билјана Иванова** да се делегира од Основен суд Струмица во Основен суд Берово сметано од 09.10.2023 година, Заменик претседателот на Советот **Ханиф Зендели** го стави на гласање.

По гласањето констатира дека со 9 гласа „За" и 1 еден глас „Против" усвоен е предлогот. Членот на Советот **Лорета Горгиева** гласаше против.

Согласно наведеното, Советот го донесе следното:

Р Е Ш Е Н И Е

**Билјана Иванова**, судија на Основен суд Струмица, времено се упатува за вршење на судиската функција во Основниот суд Берово, сметано од 09.10.2023 година, за период од 1 (една) година од денот на упатувањето.
За упатувањето да се извести претседателот на Основен Струмица и ВД претседателот на Основниот суд Берово.

Процедурално за збор се јави Членот на Советот **м-р.Селим Адеми** кој наведе за времетраењето на седницата треба да се постапува согласно член 19 до Деловникот за работ на Судскиот совет на РСМ. Членот на советот може да излага најмногу 15 минути, а член на советот по одредено прашање може да дискутира по одредено прашање најмалку 5 минути со право на на уште една дискусија.

**2.**Во врска со предлогот **судиите Кирил Георгиев и Фросина Стојановска** судии на Основен кривичен суд Скопје да се делегираат во Основниот суд Прилеп, Членот на Советот **м-р Антоанета Димовска** наведе дека од страна на Судскиот совет на РСМ е формирана работна група во врска со потребата за времено упатување на судии за вршење на судиската функција во друг суд од редот на избраните кандидати од Академијата за судии и јавни обвинители, избрани на 25.07.2023 година од страна на Советот. Работната група по извршена анализа утврди дека единствен и објективен критериум за делегирање на судијата се бодовите и бодовната ранг листа. Основниот суд Прилеп по систематизација има 18 судии, а активни се 4 судии плус

Претседателот на судот. Во овој момент нема судии за пензионирање. Во 2023 година судот 9.400 предмети, заедно со заостатокот судот имал во работа од 14.776 предмети, решил 8.069 предмети, а има остаток од 6.707 предмети, што преставува голем заостаток. Најблизок суд на Основниот суд Прилеп е Основниот суд Битола, кој пак по систематизација има 25 судиски места, активни се 16, од кои на 2 судии им мирува функцијата. На почетокот на 2024 година во Основниот суд Битола ќе одат во пензија 2 судии, а на крајот од 2024 година уште 1 судија. Веќе 1 судија од новоизбраните бил делегиран од Основниот суд Битола во Основниот суд Прилеп кој што нема изјавено приговор и оттука нема место за делегирање уште 1 судија од Основниот суд Битола во Основниот суд Прилеп. Работната група по извршена анализа утврди дека единствен и објективен критериум за делегирање на судијата се бодовите и бодовната ранг листа. Исто така при одлучувањето Советот ја зема предвид и далечината, па така тие судии со помалку бодови да одат подалеку. Судијата Кирил Георгиев потекнува од Струмица и има каде да живее во Струмица, но има пријавено живеалиште во Скопје и конкурирал за Основниот кривичен суд Скопје, а од Скопје сите врски за патување се поедноставни за низ дражавата. Оттука би било крајно нелогично и неприфатливо да се патува од Струмица до Прилеп, отколку од Скопје до Прилеп. Исто така судијата Кирил Георгиев самиот пројави желба да се делегира во Основен суд Берово, но откако Советот ја утврдил методологијата кој каде да биде делегиран.

По однос на колешката Фросина Стојановска Комисијата сметаше дека судијата Фросина Стојановска треба да биде времено упатен да ја извршува судиската функција во Основниот суд Прилеп. Исто така при одлучувањето беше земена предвид и далечината, па така тие со помалку бодови да одат подалеку. Судијата Фросина Стојановска живее во Скопје и конкурирала за Основниот кривичен суд Скопје, а од Скопје сите врски за патување се поедноставни за низ дражавата. Исто така сите судии дале заклетва дека ќе ја извршуваат една од најодговорните функции во државата, а тоа е да бидат судии.

Заменик претседателот на Советот **Ханиф Зендели** отвори расправа.

Бидејќи никој не се јави за збор, предлогот **судијата Кирил Георгиев** судија на Основен кривичен суд Скопје да се делегира во Основен суд Прилеп сематно од 09.10.2023 година, Заменик претседателот на Советот **Ханиф Зендели** го стави на гласање.

По гласањето се констатира дека со 9 гласа „За“ и 1 еден глас „Против“ усвоен е предлогот. Членот на Советот **Лорета Горгиева** гласаше против.

Согласно наведеното, Советот го донесе следното:

Р Е Ш Е Н И Е

**Кирил Георгиев,** судија на Основен кривичен суд Скопје, времено се упатува за вршење на судиската функција во Основниот суд Прилеп, сметано од 09.10.2023 година, за период од 1 (една) година од денот на упатувањето.

За упатувањето да се извести ВД претседателот на Основен Прилеп и претседателот на Основниот кривичен суд Скопје.

Понатаму, предлогот **судијата Фросина Стојановска** да се делегира од Основен кривичен суд Скопје во Основен суд Прилеп сематно од 09.10.2023 година, Заменик претседателот на Советот **Ханиф Зендели** го стави на гласање.

По гласањето се констатира дека со 9 гласа „За“ и 1 еден глас „Против“ усвоен е предлогот. Членот на Советот **Лорета Горгиева** гласаше против.

Согласно наведеното, Советот го донесе следното:

Р Е Ш Е Н И Е

**Фросина Стојаноска,** судија на Основен кривичен суд Скопје, времено се упатува за вршење на судиската функција во Основниот суд Прилеп, сметано од 09.10.2023 година, за период од 1 (една) година од денот на упатувањето.

За упатувањето да се извести ВД претседателот на Основен Прилеп и претседателот на Основниот кривичен суд Скопје.

**3.**Во врска со предлогот **судијата Ахмед Идризи** од Основниот кривичен суд **Скопје** и **судијата Андреа Апостолска Малиновска** од Основен граѓански суд Скопје да се делегираат во Основен суд Кичево, Членот на Советот м-р **Антоанета Димовска** наведе дека работната група по извршена анализа утврди дека единствен објективен критериум се бодовите и бодовната ранг листа. По систематизација во Основниот суд Кичево се утврдени 13 судиски места, а активни се тројца судии плус Претседателот на судот. На 03.11.2023 година се враќа еден судија кој бил делегиран од Основниот суд Гостивар во Основен Кичево. Основен Кичево на почетокот на 2023 година имал 14.765 нерешени предмети, во работа имале 18.122, решиле 14.060, а нерешени останале 4.062 предмети. Со судијата кој ќе се врати во Основниот суд Гостивар, судот ќе остане со двајца судии плус Претседателот на судот, што значи дека потребата од судии во Основниот суд Кичево е голема, бидејќи се доведува во прашање ажурноста и тековното работење на Основниот суд Кичево, заради што Советот смета дека судијата Ахмед Идризи треба да биде времено упатен да ја извршува судиската функција во Основниот суд Кичево. Наведе дека потребата од судија во основен суд Кичево е голема.

Потоа, Заменик претседателот на Советот **Ханиф Зендели** отвори расправа.

Бидејќи никој не се јави за збор, предлогот **судијата Ахмед Идризи** судија на Основен кривичен суд Скопје да се делегира во Основен суд Кичево смеатно од 09.10.2023 година, Заменик претседателот на Советот **Ханиф Зендели** го стави на гласање.

По гласањето се констатира дека со 9 гласа „За“ и 1 еден глас „Против“ усвоен е предлогот. Членот на Советот **Лорета Горгиева** гласаше против.

Согласно наведеното, Советот го донесе следното:

Р Е Ш Е Н И Е

**Ахмед Идризи,** судија на Основен кривичен суд Скопје, времено се упатува за вршење на судиската функција во Основниот суд Кичево, сметано од 09.10.2023 година, за период од 1 (една) година од денот на упатувањето.
За упатувањето да се извести претседателот на Основен Кичево и претседателот на Основниот кривичен суд Скопје.

Понатаму, предлогот **судијата Андреа Апостолска Малиновска** да се делегира од Основен граѓански суд Скопје во Основен суд Кичево, сметано од 09.10.2023 година Заменик претседателот **Ханиф Зендели** предлогот го стави на гласање.

По гласањето се констатира дека со 9 гласа „За" и 1 еден глас „Против" усвоен е предлогот. Членот на Советот **Лорета Горгиева** гласаше против.
Согласно наведеното, Советот го донесе следното:

Р Е Ш Е Н И Е

**Андреа Апостолска Малиновска,** судија на Основен граѓански суд Скопје, времено се упатува за вршење на судиската функција во Основниот суд Кичево, сметано од 09.10.2023 година, за период од 1 (една) година од денот на упатувањето.

За упатувањето да се извести претседателот на Основен Кичево и претседателот на Основниот кривичен суд Скопје.

**4.**Во врска со предлогот **судијата Пајтим Машкули** од Основниот граѓански суд Скопје да се делегира во Основен суд Струга, Членот на Советот **Антоанета Димовска** наведе дека состојбата во Основен суд Струга е тоа дека работната група по извршена анализа утврди дека единствен објективен критериум се бодовите и бодовната ранг листа. Во Основниот суд Струга во 2023 година примил 12.468 предмети, во работа биле 17.317, решени се 11.271 предмети, а останале нерешени 6.046 предмети. По систематизација има 15 судиски места, а активни се 5 судии плус Претседателот на сдуот. Во судот 2 судии ќе се пензионираат, и тоа на 01.10.2023 година и на почетокот на 2024 година. Еден судија веќе бил делегиран во Основен суд Струга и истиот немал доставено приговор. Согласно наведеното Основен суд Струга нема доволен број на судии, така што се доведува во прашање ажурноста и тековното работење на судот, заради што Советот смета дека судијата Пајтим Машкули треба да биде времено упатен да ја извршува судиската функција во Основниот суд Струга.

Заменик претседателот на Советот **Ханиф Зендели** отвори расправа.

Бидејќи никој не се јави за збор, предлогот **судијата Пајтим Машкули** судија на Основен граѓански суд Скопје да се делегира во Основен суд Струга смеатно од 09.10.2023 година, Заменик претседателот **Ханиф Зендели** го стави на гласање.

По гласањето се констатира дека со 9 гласа „За“ и 1 еден глас „Против“ усвоен е предлогот. Членот на Советот **Лорета Горгиева** гласаше против.

Согласно наведеното, Советот го донесе следното:

Р Е Ш Е Н И Е

**Пајтим Машкули,** судија на Основен граѓански суд Скопје, времено се упатува за вршење на судиската функција во Основниот суд Струга, сметано од 09.10.2023 година, за период од 1 (една) година од денот на упатувањето.
За упатувањето да се извести претседателот на Основен Струга и претседателот на Основниот граѓански суд Скопје.

**Точка 2**

(Разгедување на предлог за разрешување на судии поротници во Основен кривичен суд Скопје и Основен суд Ресен)

Заменик претседателот на Советот **Ханиф Зендели** даде збор на Членот на Советот **Мери Радевска**. Истата наведе дека Претседателот на Основен кривичен суд Скопје на 03.10.2023 година достави предлог за разрешување на судии поротници од овој суд, и тоа Јордан Миленов, по негово барање, Стефан Гиновски по негово барање, потоа Светлана Богдановска, Бранка Николовска, Ивона Горгиева, Славица Симоновска и Музафета Кофрц, сите поради истекот на мандатот односно времето за кое биле избрани. Согласно член 36 став 1 алинеја 4 од Законот за Судскиот совет на Република Северна Македонија, Советот избира и разрешува судии поротници и откако е извршен увид во предлогот, а имајќи во вид дека се доставени оставка и молба од двата судии пороитници кои бараат да бидат разрешени, предлага да се разрешат наведените судии поротници.

Заменик претседателот **Ханиф Зендели** отвори расправа.

Бидејќи никој не се јави за збор Заменик претседателот на Советот **Ханиф Зендели** констатира дека Судскиот совет на РСМ донесе

ОДЛУКА

На **Светлана Богдановска, Бранка Николовска, Ивона Георгиева, Славица Симоновска и Музафета Кофрц,** избрани за судии поротници на Основен кривичен суд Скопје со Одлука на Судскиот совет на Република Македонија бр.02-1079/1 од 19.06.2019 година им престанува функцијата судија поротник, поради истек на мандатот на 19.06.2019 година.

ОДЛУКА

На **Јордан Миленов,** избран за судија поротник на Основен кривичен суд Скопје со Одлука на Судскиот совет на Република Македонија бр.02-1057/3 од 20.07.2021 година и на **Стефан Ѓиноски** избран за судија поротник на Основен кривичен суд Скопје со Одлука на Судскиот совет на Република

Македонија бр.02-971/8 од 21.07.2022 година им престанува функцијата судија поротник, по сопствено барање.

Заменик претседателот на Советот **Ханиф Зендели** наведе дека од Претседателот на Основен суд Ресен било поднесено извстување дека Наташа Писовска судија поротник во судот, избрана со одлука на Судскиот совет на РСМ бр.02-973/1 од 11.06.2021 година, поднела поднела свое барање да биде разрешена. Од овие причини Заменик претседателот **Ханиф Зендели** констатира дека на истата и престанува функцијата судија поротник во Основниот суд Ресен по сопствено барање и е донесена следната

ОДЛУКА

На **Наташа Писовска,** избрана за судија поротник на Основен суд Ресен со Одлука на Судскиот совет на Република Македонија бр.02-973/1 од 11.06.2021 година и престанува функцијата судија поротник, по сопствено барање.

**Точка 3**

(Редовно оценување на судиите и претседателите на судовите во Република Северна Македонија)

Заменик претседателот на Советот **Ханиф Зендели** наведе дека согласно член 77 став 1 од Законот за Судскиот совет на РСМ, редовно оценување на судија и Претседател на суд се врши еднаш на четири години за работа во претходните четири години. За таа цел согласно член 9 од Правилникот за работа на комисиите за редовно и вонредно оценување, беа формирани комисии за редовно оценување на судиите и Претседателите на судовите за што се изготвени извештаи со предлог оценки.

Заменик претседателот на Советот **Ханиф Зендели** даде збор на Членот на Советот **Мери Радевска** по однос на извештаите за Претседателите на АС Скопје, АС Штип, АС Гостивар, АС Битола и Управниот суд.

Членот на Советот **Мери Радевска** наведе дека Судскиот совет на РСМ на 432 седница одржана на 20.02.2023 година донесе одлука за формирање на Комисија за редовно оценување на судиите и претседателите на судови со тоа што составот на Комисијата која ги оценуваше судиите во Апелационите судови, Управниот суд и Претседателите на судовите се: Мери Радевска – Претседател на комисијата, м-р.Тања Чачарова Илиевска – Член и Лорета Горгиева – Член откако Членот на Советот Мирјана Радевска Стефкова си даде оставка. По однос на работата на судиите од Апелационите судови беше формирана комисија од Врховниот суд на РСМ која изврши оценување на судиите за постапување по 10 предмети, од кои 5 по случаен избор и 5 определени од судијата. Таа оцена беше ставена со другите индикатори за оценување и оценките се добиени по електронски пат.

Од Апелациониот суд Скопје: **судијата Агим Мислими** добил 165 бода – позитивна оцена, **судија Аритон Ала** добил 154 бода – позитивна оцена,

**судија Афродита Шеху Асани** добила 165 бода – позитивна оцена, **Букурије Ајдини** добила 165 бода – позитивна оцена, **Влатко Самарџиски** добил 169 бода – позитивна оцена, **Гордана Сајковска** 200 бода – позитивна оценка, **Ѓоко Ристов** 184 бода – позитивна оценка, **Ѓорѓи Радојков** 190 бода – позитивна оценка, **Енвер Амзаи** 153 бода – позитивна оценка, **Енвер Беџети** 185 бода – позитивна оценка, **Зоран Герасимовски** 186 бода – позитивна оценка, **Зоран Димитриевски** 195 бода – позитивна оценка, **Јетмире Ајдини Бошњаку** 167 бода – позитивна оценка, **Јусуф Ајрулахи** 193 бода – позитивна оценка, **Лидија Зимбовска** 196 бода – позитивна оценка, **Лирие Елези Ајрулау** 190 бода – позитивна оценка, **Маја Маркова** 165 бода – позитивна оценка, **Мелек Алија Елези** 165 бода – позитивна оценка, **Мери Дика Георгиевска** 174 бода – позитивна оценка, **Наташа Савовска Димитровска** 177 бода – позитивна оценка, **Петранка Ташева** 164 бода – позитивна оценка, **Роза Георгиева** 172 бода – позитивна оценка, **Розалинда Ристевска** 165 бода – позитивна оценка, **Санде Зиков** 165 бода – позитивна оценка, **Суад Алиу** 165 бода – позитивна оценка, **Тања Милева** 197бода – позитивна оценка, **Татјана Дуковска** 192 бода – позитивна оценка, **Ќенанзија Мехмед** 165 бода – позитивна оценка и **Фатмир Скендер** 165 бода – позитивна оценка.

Од Апелациониот суд Штип: **Весна Димитриевска Накова** 167 бода – позитивна оценка, **Данка Ристова** 167 бода – позитивна оценка, **Кирче Донев** 187 бода – позитивна оценка, **Мирјанка Гоцевска Стефановска** 165 бода – позитивна оценка, **Светлана Јованова** 195 бода – позитивна оценка, **Софија Манева** 192 бода – позитивна оценка и **Тони Делев** 165 бода – позитивна оценка.

Од Апелациониот суд Битола: **Александар Камбовски** 193 бода – позитивна оценка, **Анита Милошевска** 192 бода – позитивна оценка, **Васил Баткоски** 178 бода – позитивна оценка, **Виолета Костовска** 188 бода – позитивна оценка, **Жаклина Доведен** 186 бода – позитивна оценка, **Зоран Караџовски** 180 бода – позитивна оценка, **Лиле Наумовска** 188 бода – позитивна оценка, **Никола Крстески** 186 бода – позитивна оценка, **Пакизер Алиоска** 181 бода – позитивна оценка, **Петре Србиновски** 125 бода – позитивна оценка, **Ристе Ристевски** 185 бода – позитивна оценка, **Ружица Иваноска** 192 бода – позитивна оценка, **Славица Мирковска** 159 бода – позитивна оценка и **Татјана Сусулеска** 182 бода – позитивна оценка

Од Апелациониот суд Гостивар: **Абдулбари Рамадани** 194 бода – позитивна оценка, **Али Алиу** 173 бода – позитивна оценка, **Африм Јакупи** 175 бода – позитивна оценка, **Беким Мехмеди** 168 бода – позитивна оценка, **Велко Страшевски** 185 бода – позитивна оценка, **Герасим Герасимовски** 193 бода – позитивна оценка, **Златко Анѓелкоски** 167 бода – позитивна оценка, **Изет Исмаили** 155 бода – позитивна оценка, **Лилјана Ицкова** 153 бода – позитивна оценка, **Рафис Идризи** 150 бода – позитивна оценка и **Шефајет Хајдари** 197 бода – позитивна оценка.

Оваа комисија даде оценка за Претседатели на судовите само како претседатели со тоа што покрај електорнските податоци се оценуваше и програмата на судовите. Како идникатор се земаше и транспарентноста на

судот и нивните одлуки. Се изградија единствевни оценки, кои се внесуваа во тебелата за заеднички оцени. Претседателите на Врховниот суд на РСМ и на Вишиот управен суд не се оценуват.

Претседателот на Управниот суд **судијата Бурим Сејдини**, за 2019 година се оценува со 170 бода, за 2020 година се оценува со 195, за 2021 година се оценува со 140 и за 2022 година се оценува со 170 бода.

Претседателот на Апелациониот суд Битола **судијата Петре Србиновски** за 2020 година се оценува со 195 бода, за 2021 година се оценува со 180 бода и за 2022 година се оценува со 190 бода.

Претседателот на Апелациониот суд Гостивар **судијата Беким Мехмеди** за 2021 година се оценува со 180 бода и за 2022 година се оценува со 180 бода. Во 2019 година Претседател бил **судијата Шефајет Хајдари** и одбил 190 бода и за 2020 година добил 180 бода.

Претседателот на Апелациониот суд Скопје судијата **Мери Дика Георгиевска** не се оценува и за Апелациониот суд Штип **судијата Кирче Донев** не се оценува.

Претседателот на Основен граѓански суд **судијата Илир Сулејмани** за 2019 година се оценува со 180 бода, за 2020 година се оценува со 180 бода, за 2021 година се оценува со 190 бода и за 2022 година се оценува со 180 бода.

Претседателот на Основен кривичен суд **судијата Иван Џолев** за 2019 година се оценува со 150 бода, за 2020 година се оценува со 190 бода, за 2021 година се оценува со 195 бода и за 2022 година се оценува со 180 бода.

Претседателот на Основен суд Кочани **судијата Дарко Ристов** за 2019 година се оценува со 160 бода и за 2020 година се оценува со 160 бода. За Претседател во 2020 година судијата **Сузана Милевска** се оценува со 170 бода, за 2021 година се оценува со 170 бода и за 2022 се оценува со 180 бода.

Претседателот на Основен суд Битола **судијата Драган Јаковлевски** за 2022 година се оценува со 103 бода. За Претседател во 2019 година **судијата Дејан Крстанов** се оценува со 180 бода. **Судијата Елизабета Манели Ташевска** како судија на Основен суд Битола за 2019 година се оценува со 190 бода.

Претседателот на Основен суд Велес **судијата Лидија Димова** во 2020 година се оценува со 190 бода, за 2021 година се оценува со 180 бода, за 2022 година се оценува со 190 бода. За Претседател во 2019 година судијата **Александар Шопов** се оценува со 180 бода.

Претседателот на Основен суд Виница **судијата Васка Петрова** за 2019 година се оценува со 170 бода, за 2020 година се оценува со 160 бода, за 2021 година се оценува со 160 бода и за 2022 година се оценува со 170 бода.

Претседателот на Основен суд Гевгелија **судијата Марица Аврамчева Зафировска** за 2021 година се оценува со 200 бода, за 2022 година се оценува со 180 бода. За Претседател во 2019 година **судијата Злата Попова** се оценува со 120, за 2020 година се оценува со 190 бода и за 2021 година се оценува со 120 бода.

Претседателот на Основен суд Гостивар **судијатаЕљеса Алији** за 2020 година се оценува со 180 бода, за 2021 година се оценува со 180 бода, за 2022 година се оценува со 190 бода. За Претседател во 2019 година судијата **Ќирко Михајловски** се оценува со 180 бода.

Претседателот на Основен суд Дебар **судијата Илир Исени** за 2019 година се оценува со 180 бода и за 2020 година се оценува со 190 бода. За Претседател во 2021 година судијата **Мерсим Марку** се оценува со 190 бода и за 2022 година се оценува со 190 бода.

Претседателот на Основен суд Делчево **судијата Миле Ѓеоргиев** за 2019 година се оценува со 180 бода, за 2020 година се оценува со 180 бода, за 2021 година се оценува со 180 бода и за 2022 година се оценува со 180 бода.

Претседателот на Основен суд Кавадарци **судијата д-р.Лазар Нанев** за 2020 година се оценува со 180 бода, за 2021 година се оценува со 190 бода и за 2022 година се оценува со 190 бода.

Претседателот на Основен суд Кичево **судијата Амдије Зенку** за 2020 година се оценува со 180 бода, за 2021 година се оценува со 180 бода и за 2022 година се оценува со 180 бода. За Претседател во 2019 година судијата **Баки Алили** се оценува со 180 бода.

Претседателот на Основен суд Кратово **судијата Мирослав Георгиевски** за 2021 година се оценува со 190 бода и за 2022 година се оценува со 190 бода. За Претседател во 2019 година судијата **Ружица Здравковска** се оценува со 170 бода и за 2020 година се оценува со160 бода.

Претседателот на Основен суд Крива Паланка **судијата Љубица Цветковска Стојановска** за 2020 година се оценува со 190 бода, за 2021 година се оценува со 190 бода и за 2022 година се оценува со 190 бода. За Претседател во 2019 година судијата **Анкица Димитровска** се оценува со 190 бода.

ВД Претседателот на Основен суд Крушево не се оценува.

Претседателот на Основен суд Куманово **судијата Снежана Манев** за 2019 година се оценува со 185 бода, за 2020 година се оценува со 190 бода, за 2021 година се оценува со 190 бода и за 2022 година 190 бода.

Претседателот на Основен суд Неготино **судијата Билјана Толова** за 2020 година се оценува со 190 бода, за 2021 година се оценува со 190 бода, за

2022 година се оценува со 190 бода. За Претседател во 2019 година судијата **Ацо Анѓелковски** се оценува со 155 бода.

Претседателот на Основен суд Охрид **судијата Васил Батковски** за 2020 година се оценува со 190 бода, за 2021 година се оценува со 180 бода, за 2022 година се оценува со 180 бода. За Претседател во 2019 година судијата **Милчо Клишески** се оценува со 150 бода.

Претседателот на Основен суд Радовиш **судијата Лила Цветаноска** за 2020 година се оценува со 200 бода, за 2021 година се оценува со 180 бода и за 2022 година се оценува со 180 бода. За Претседател во 2019 година судијата **Лимонка Долдурова** се оценува со 180 бода и за дел од 2020 година се оценува со 160 бода.

Претседателот на Основен суд Свети Николе **судијата Лилјана Додевска** за 2021 година се оценува со 160 бода и за 2022 година се оценува со 190 бода.

Претседателот на Основен суд Ресен **судијата Емељ Кранли Али** за 2019 година се оценува со 190 бода, за 2020 година се оценува со 180 бода, за 2021 година се оценува со 190 бода и за 2022 година се оценува со 190 бода.

Претседателот на Основен суд Струга **судијата Ифет Бајрамоски** за 2019 година се оценува со 155 бода, за 2020 година се оценува со 180 бода, за 2021 година се оценува со 180 бода и за 2022 се оценува со 180 бода.

